Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**октомври 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ........ **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ........ **3**

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ........ 4

Индекси на прометот во индустријата ........ 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ........ 7

Промет во секторот трговија ........ 7

Инфлација ........ 8

Берзански цени ........ 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ........ **11**

Извоз ........ 12

Увоз ........ 12

Салдо на трговска размена ........ 14

Валутна структура ........ 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ........ **14**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ........ 14

Расходи по буџетски корисници ........ 16

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ........ **18**

Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 18

Плати ........ 19

Пензии ........ 19

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ........ **20**

Примарни пари ........ 21

Депозитен потенцијал ........ 21

Кредити на банките ........ 22

Каматни стапки на депозитни банки ........ 23

Пазар на капитал ........ 23

Девизни резерви ........ 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## октомври 2025 година

- Во октомври 2025 година, индустриското производство забележа раст од 2,8% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во октомври 2025 година изнесува 4,5% на годишно ниво и овој месец го забрза своето темпо споредено со претходниот месец (4,0% во септември 2025 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи пад од 0,2%;
- Во периодот јануари - октомври 2025 година, извозот забележа раст од 2,2%, а увозот од 4,1%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 8,8% споредено со истиот период од 2024 година;
- Во периодот јануари – октомври 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 274.447 милиони денари, што претставува 75,7% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 9,5% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – октомври 2025 година изнесува 300.979 милиони денари, што претставува 74,6% од годишниот план и бележи зголемување за 9,7% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во октомври 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 12,1% во споредба со октомври 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,8%;
- Просечната исплатена нето-плата во септември 2025 година достигна 45.466 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 9,3% и реален раст од 5,1%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 102.940 денари.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во октомври 2025 година, индустриското производство забележа раст од 2,8% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменето производство во секторите: Преработувачка индустрија за 0,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 26,5%, додека намалување се забележува во секторот Рударство и вадење камен за 0,2%.

Раст на производството во октомври 2025 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 44,7% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во октомври 2025 година е забележан раст единствено кај производството на електрична опрема од 12,0% со придонес од 0,9 п.п., додека намалување се забележува кај: производството на моторни возила, приколки и полуприколки за 6,8% со придонес од -1,1 п.п., производството на машини и уреди за 15,6% со придонес од -0,9 п.п. и производството на метали за 14,2%, со придонес од -0,5 п.п.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во октомври 2025 година зголемување на производството се забележува кај гранките: производство на тутунски производи за 175,8% со придонес од 1,8 п.п., производство на пијалаци за 11,8% со придонес од 0,4 п.п., преработка на дрво и производи од дрво и плута за 25,9% со придонес од 0,2 п.п., производство на прехранбени производи за 0,7% со придонес од 0,1 п.п. и производство на кожа за 14,1% со придонес од 0,1 п.п., додека намалување се забележува кај гранките: производство на облека за 3,9% со придонес од -0,2 п.п. и производство на текстил за 2,7% со придонес од -0,1 п.п..

Во октомври 2025 година споредено со октомври 2024 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено во групите: Енергија (раст од 25,9% со придонес од 2,3 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 10,5% со придонес од 3,1 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 1,3% со придонес од 0,4 п.п.), додека производството е намалено во групите: Капитални производи (пад од 9,2% со придонес од -2,4 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 17,6% со придонес од -0,7 п.п.). Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – октомври 2025 година е регистриран единствено во групата Интермедијарни производи, освен енергија (за 12,7%), додека намалување се забележува во групите: Енергија (за 6,0%), Капитални производи (за 2,6%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 2,5%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 0,8%).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, октомври 2025 година)*




Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, октомври 2025 година)*




Извор: ДЗС

## Број на работници во индустријата

Во октомври 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 2,8% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,8%, Преработувачка индустрија за 2,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,0%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на тутунски производи за 21,9%, производство на машини и уреди за 4,1% и производство на пијалаци за 4,0%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи единствено групата Трајни производи за широка потрошувачка, и тоа за 4,6%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – октомври 2025 година бележи пад за 3,6%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,2%, Преработувачка индустрија за 3,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,4%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – октомври 2025 година е зголемен единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка за 11,3%.

**Графикон 1.5:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во октомври 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,9% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите

сектори: Рударство и вадење камен за 6,0%, Преработувачка индустрија за 4,7%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 6,0% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 6,9%.

Во октомври 2025 година во споредба со октомври 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 6,1%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,4%, Производи за широка потрошувачка за 5,7% и Нетрајни производи за 6,0%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – октомври 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,9%, што се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 1,9%, Преработувачка индустрија за 4,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 13,2% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,6%.

Во периодот јануари – октомври 2025 во споредба со јануари – октомври 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 12,3%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,7%, Производи за широка потрошувачка за 5,3% и Нетрајни производи за 5,6%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во октомври 2025 година во однос на октомври 2024 година бележи пад од 0,4%. Падот се должи на намалениот промет во секторите: Рударство и вадење камен за 6,5%, и Преработувачка индустрија за 0,2%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во октомври 2025 година во споредба со октомври 2024 година, прометот во индустријата се намали во групите: Интермедијарни производи освен енергија за 1,0%, Капитални производи за 2,1%, и Трајни производи за широка потрошувачка за 12,3%, а раст забележа само групата Нетрајни производи за широка потрошувачка за 4,1%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустријата во октомври 2025 во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на тутунски производи (раст од 141,6%);
- Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал (раст од 21,8%) и
- Производство на компјутерски, електронски и оптички производи (раст од 19,6%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – октомври 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустријата бележи раст од 5,8%, што се должи на зголемениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 6,0%, додека прометот во секторот Рударство и вадење камен остана непроменет.

Во периодот јануари - октомври 2025 година во споредба со периодот јануари – октомври 2024 година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 3,7%, Капитални производи за 9,5% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,4%, додека прометот во групата Трајни производи за широка потрошувачка забележа пад од 1,2%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2025 година, споредено со претходниот месец, се забележува зголемување кај одобренијата за градење (314 одобренија за градење во септември 2025 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 446 што претставува раст од 22,9% во однос на истиот месец од 2024 година. Ваквиот раст се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за високоградба за 33,8,% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 64,8%) и кај објектите за реконструкција за 23,6%, додека кај бројот на издадени одобренија за нискоградба се забележува намалување за 9,3%. Висок раст се забележува и кај инвеститорите физички лица и кај инвеститорите деловни субјекти. Доколку се гледа според региони, исто така, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во повеќето региони, пред сè во Југоисточниот, Полошкиот и Пелагонискиот Регион.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(октомври 2025)*




Извор: ДЗС.

Споредено со септември 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 42,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во октомври 2025 година е повисока за 25,1% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 48,7%. Зголемената вредност се должи на фактот што во референтниот период е издадено одобрение за градба на Државниот пат А2, делница Букојчани - Кичево прва фаза, подделница Црвивци - Кичево со должина 6,527 км, во износ од 44 милиони евра.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



Република Северна Македонија
Министерство за финансии



Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 289 (или 64,8%) се наменети за објекти од високоградба, 68 (или 15,2%) за објекти од нискоградба и 89 (или 20,0%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 446 издадени одобренија за градење, на 247 објекти (или 55,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 199 објекти (или 44,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во октомври 2025 година предвидена е изградба на 1.177 станови со вкупна корисна површина од 101.286м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 61,9% на месечно ниво, а за 28,9% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти



**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)

Вкупната вредност на извршените градежни работи во септември 2025 година изнесува 4.327 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 18,9%, при што раст се забележува кај нискоградбата за 38,1% и кај специјализираните градежни работи за 337,3%, додека кај високоградбата се забележува пад за 35,6%. Споредено со август 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи раст од 16,0%, и тоа кај нискоградбата за 17,0% и кај специјализираните градежни работи за 136,2%, додека кај високоградбата се забележува пад од 8,1%. Кумулативно, во периодот јануари – септември 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 27.857 милиони денари, што е за 17,7% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - септември 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 18.219 милиони денари, односно за 23,2% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај специјализираните градежни работи се зголеми за 111,9% и изнесува 1.758 милиони денари, а кај високоградбата вредноста на извршените работи изнесува 7.880 милиони денари, односно за 2,2% помалку во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - септември 2025 година се зголеми за 17,9%, при раст кај нискоградбата (23,5%) и кај специјализираните градежни работи (112,2%), а пад кај високоградбата (2,0%).



**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)

## Промет во секторот трговија

Во октомври 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 3,5%, по растот од 3,6% во септември 2025 година. Вредноста на прометот во октомври 2025 година изнесува 69.584

милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - октомври 2025 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 673.055 милиони денари, што е за 2,2% повеќе во однос на истиот период минатата година.

Кумулативно, во периодот јануари - октомври 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во сите сектори: трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 274.032 милиона денари, што е за 4,7% повеќе во споредба со истиот период минатата година, трговија со моторни возила и поправки на мало, чија вредност на прометот изнесува 40.520 милиони денари, односно за 4,3% повеќе во однос на истиот период минатата година, а кај трговија на големо вредноста на прометот за тој период изнесува 358.503 милиони денари, што е за 0,1% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, во октомври 2025 година, трговијата на мало бележи раст од 3,0%, по падот од 0,2% во септември 2025 година, додека анализирано по групи и класи зголемување се забележува и кај групите трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 7,3% и трговија на мало со автомобилски горива за 4,3%, додека намалување бележи единствено групата трговија на мало со непрехранбени продукти за 1,9%.

Во октомври 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (52,8%), а потоа следуваат Трговија на мало (41,2%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,1%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во октомври 2025 година изнесува 4,5% на годишно ниво и овој месец го забрза своето темпо на раст споредено со претходниот месец (4,0% во септември 2025 година). Овој месец инфлацијата главно произлегува од забрзувањето на растот на прехранбената компонента, додека базичната компонента овој месец бележи забавување. Растот на прехранбената компонента се должи и на пониската споредбена основа бидејќи минатата година во октомври на сила беше мерката „есенска кошничка“ со која беше ограничена маржата на неколку групи основни прехранбени производи.

Просечната инфлација во периодот јануари - октомври 2025 година изнесува 4,1%.

Во октомври 2025 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) регистрираше позначително забавување споредено со претходниот месец и таа изнесува 4,1% на годишна основа (5,2% во септември).

**Графикон 1.13:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.14:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Овој месец, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци[1], се зголемија за 7,0% и тие забележуваат позначително забрзување на растот во споредба со претходниот месец (4,3% во септември), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во октомври изнесува 2,8 п.п. и е зголемен за 1,1 п.п. во споредба со претходниот месец.

Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: месо (годишен раст од 9,8% и придонес од 0,9 п.п.), леб и житарици (годишен раст од 5,5% и придонес од 0,5 п.п.), овошје (годишен раст од 21,5% и придонес од 0,4 п.п.), кафе, чај и какао (годишен раст од 26,6% и придонес од 0,4 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 4,2% и придонес од 0,3 п.п.) и масла и масти (годишен раст од 10,6% и придонес од 0,2 п.п.). Негативен придонес во растот на цените на храната овој месец имаше зеленчукот од 0,2 п.п. и тој се намали за 3,7% на годишно ниво.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст имаа цените во категоријата Рекреација и култура од 7,8%. Раст на цените е регистриран и кај следните категории: Храна и безлкохолни пијалци од 7,0%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,7%, Ресторани и хотели од 5,2%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 4,7%, Разновидни стоки и услуги од 3,0%, Облека и обувки од 2,8%, Здравствена заштита од 2,1%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,8% и Комуникации од 1,7%. Цените се намалија во категориите Транспорт за 1,4% и Образование за 0,3%.



Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан

Во октомври, потрошувачките цени се намалија за 0,2% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 0,2%), што е резултат на падот во повеќе категории, од кои најголем негативен придонес има падот на цените во категоријата Транспорт. Пад на цените е регистриран во категориите: Транспорт од 6,1%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,3% и Рекреација и култура и Образование од 0,1%. Раст на цените е регистриран во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Облека и обувки од по 1,2%, Храна и безалкохолни пијалаци и Комуникации од по 0,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Ресторани и хотели од по 0,2% и Здравствена заштита од 0,1%. Цените во категоријата Разновидни стоки и улуги останаа непроменети.

Во октомври 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната се намали на 2,1%[2] од 2,2% во колку што изнесуваше во септември.

Согласно проекциите на ЕЦБ, се очекува стапката на инфлација да изнесува 2,1% во 2025 година и 1,7% во 2026 година, пред благо да се зголеми на 1,9% во 2027 година. Проектирано е инфлацијата да остане блиску до 2% во остатокот од 2025 година, а потоа ќе се движи под 2% и ќе остане под тој праг во текот на целата 2026 година. Очекувањата за пониска стапка на инфлација во 2026 година ја одразува пониската базична инфлација, особено кај услугите и

[1] Растот на цените на храната се должи меѓу другото и на пониската споредбена основа бидејќи минатата година Владата на 20 септември 2024 година ја ограничи бруто профитната маржа за 10 отсто на 73 производи. Во таканаречената „есенска кошничка“ влегоа леб, пекарски и млечни производи, млеко, месо и преработки од месо, дел од конзервните производи, овошје, зеленчук, ориз, грав, тестенини. Мерката беше на сила до 31 октомври.

[2] Податокот е процена на Евростат

пониската инфлација на храната, придружени со благо негативна инфлација кај енергијата. Зголемувањето на инфлацијата на 1,9% во 2027 година се однесува на привремено нагорно придвижување на цената на енергијата, како резултат на мерки поврзани со енергетската транзиција.

## Берзански цени

Во октомври 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 4,9% на месечно ниво и изнесува 64,7 долари за барел. Намалувањето се должи на слабеењето на факторите што ја поттикнаа нагорната корекција, односно смирувањето на тензиите на Блискиот Исток т.е конфликтот помеѓу Израел и Иран и променливата динамика на понудата и побарувачката. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 14,6%.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во октомври 2025 година, цената на природниот гас[3] се зголеми за 1,4% на месечно ниво. Во октомври, цените на гасот во Европа умерено пораснаа поради зголемената сезонска побарувачка, намаленото производство од обновливи извори, повисоките трошоци за гас и продолжените ризици во снабдувањето и побавното намалување на енергетските цени. Во октомври 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 1,4% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), цената на електричната енергија во октомври 2025 година изнесува 122,09 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше раст од 20%. Овој месец цената на електричната енергија се намали за 32,4% на годишно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во октомври 2025 година, цените на повеќето основните метали регистрираа зголемување на месечно ниво, и тоа: на бакарот за 7,6%, на цинкот за 7,5%, на алуминиумот за 5,3%, на калајот за 4,4% и на оловото за 0,6%. На месечно ниво, цената на никелот се намали за 0,1%, а цената на железната руда регистрираше раст од 0,2%.

[3]Natural gas index (2010=100)

На месечна основа, во октомври 2025 година цената на златото се зголеми за 10,7%. Другите благородни метали го следеа нагорниот тренд на месечно ниво, па така цената на среброто се зголеми за 15,5%, а цената на платината за 12,6%.

Во октомври, цените на пченката и на пченицата се зголемија на месечна основа за 0,4% и 1,1%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 3,9% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Електрична енергија (EUR/MWh) | Брент сурова нафта($/bbl) | Природен гас – Европа ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |
| VII | 103,3 | 71,0 | 411,2 |
| VIII | 80,5 | 68,2 | 394,4 |
| IX | 101,9 | 68,0 | 393,3 |
| X | 122,1 | 64,7 | 385,2 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите десет месеци од 2025 година изнесува 16.269,6 милиони евра и бележи раст од 3,3% во однос на истиот период од минатата година.

Во периодот јануари - октомври 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,3 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 59,4%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите десет месеци од 2025 година изнесува 20,9% и тоа е намалено за 2,4 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - октомври 2025 година изнесува 6.706,2 милиона евра и бележи раст од 2,2% (142,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,7% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2025 година изнесува 727,1 милион евра и бележи раст од 3,4% (24,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 6,5% споредено со октомври 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2025 година извозот бележи раст од 3,7% (26,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 2,1%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (1,7 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите десет месеци од 2025 година е зголемена за 22,7 милиони евра, што претставува раст од 5,0% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е намалена за 12,4%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите десет месеци од 2025 година изнесува 7,1% и тоа е зголемено за 0,2 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (46,1%), жита и преработки од жита (21,5%), млечни производи и јајца (8,9%) и месо и преработки од месо (7,6%).

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите десет месеци од 2025 година изнесува 9.563,4 милиони евра и бележи раст од 4,1% (373,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 4,8%.

Вредноста на увозот во октомври 2025 година изнесува 1.065,7 милиони евра и бележи раст од 8,3% (82,0 милиона евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се намалени за 8,7% споредено со октомври 2024 година.







Анализирано на месечно ниво, во октомври 2025 година увозот бележи раст од 11,5% (110,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот тој регистрира месечен раст од 2,5%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (9,1 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите десет месеци од 2025 година е зголемена за 60,9 милиони евра, што претставува раст од 6,9% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 3,2%. Во првите десет месеци од 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,8% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,4%), овошје и зеленчук (15,4%), жита и преработки од жита (13,5%), кафе, чај, какао и зачини (12,2%) и млечни производи и јајца (11,1%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2024 | I-X-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 100,6 | 67,1 | -33,5 | -33,3 |
| Мил. ЕУР | 71,0 | 46,4 | -24,6 | -34,6 |
| Мил.$ | 77,1 | 52,2 | -24,9 | -32,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2024 | I-X-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 990,9 | 964,9 | -25,9 | -2,6 |
| Мил. ЕУР | 685,9 | 593,1 | -92,8 | -13,5 |
| Мил.$ | 745,6 | 666,5 | -79,1 | -10,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2024 | I-X-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 55,9 | 61,9 | 6,0 | 10,7 |
| Мил. ЕУР | 1.577,8 | 1.383,4 | -194,4 | -12,3 |
| Мил.$ | 1.714,9 | 1.553,1 | -161,8 | -9,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2024 | I-X-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 26,3 | 28,8 | 2,5 | 9,4 |
| Мил. ЕУР | 147,4 | 148,0 | 0,6 | 0,4 |
| Мил.$ | 160,2 | 166,1 | 5,9 | 3,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2024 | I-X-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 564,1 | 567,6 | 3,4 | 0,6 |
| Мил. ЕУР | 434,9 | 427,4 | -7,5 | -1,7 |
| Мил.$ | 473,0 | 478,0 | 5,0 | 1,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2024 | I-X-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 587,3 | 698,7 | 111,4 | 19,0 |
| Мил. ЕУР | 403,2 | 430,8 | 27,6 | 6,9 |
| Мил.$ | 438,2 | 483,0 | 44,8 | 10,2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во октомври 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 20,6% односно 57,8 милиони евра споредено со октомври 2024 година.

Во периодот јануари - октомври 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 8,8% односно 231,2 милиона евра споредено со истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, храна и пијалаци и горива и мазива. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во првите десет месеци од 2025 година, 91,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Србија, Италија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,6% од трговската размена во периодот јануари - октомври 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 1,2 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 93,2% и 88,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,3 п.п, додека кај увозот е намалена за 1,1 п.п. во однос на периодот јануари – октомври 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - X - 2024 | | | | | I - X - 2025 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 4.983,7 | 8.256.181.158 | 61,5394 | 508.080.434.735 | 89,8 | 5.105,0 | 8.490.700.006 | 61,5967 | 522.999.101.087 | 88,8 | 234.518.849 | 2,84 |
| УСД | 514,8 | 926.358.420 | 56,6004 | 52.432.257.128 | 9,3 | 656,0 | 1.110.930.635 | 54,9809 | 61.079.966.136 | 10,4 | 184.572.215 | 19,9 |
| ГБП | 2,2 | 19.231.236 | 72,4289 | 1.392.897.261 | 0,2 | 1,8 | 18.631.111 | 72,2656 | 1.346.388.446 | 0,2 | -600.124 | -3,1 |
| ЕУР+УСД+ ГБП | 5.500,7 | | | 561.905.589.125 | 99,1 | 5.762,7 | | | 585.425.455.669 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5.518,0 | | | 565.564.536.429 | 100,0 | 5.782,1 | | | 589.092.275.969 | 100,0 | | 4,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – октомври 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 274.447 милиони денари, што претставува 75,7% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 9,5% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 250.922 милиона денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 78,6% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 7,9% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 155.872 милиона денари (реализација од 78,5% од планираниот износ за 2025 година и раст од 7,2%), додека придонесите се реализирани во износ од 93.760 милиони денари (годишен раст од 9,6%, односно 80,1% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на

даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 8,6%, данок на добивка за 6,7%, данок на додадена вредност за 5,2%, акцизи за 8,7% и увозни давачки за 15,0%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 4,0%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување од 16,5%, капиталните приходи за 32,9% и приходите по основ на странски донации за 105,7%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – октомври 2025 година изнесува 300.979 милиони денари, што претставува 74,6% од годишниот план, и бележи зголемување за 9,7% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 279.413 милиони денари или 78,4% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 9,3% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува кај расходите за плати и надоместоци за 10,6%, кај расходите за стоки и услуги за 1,5% и кај каматните расходи за 12,4%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 9,5%, водени од растот кај социјалните трансфери за 12,7%, расходите за здравствена заштита за 9,4% и блок и наменските дотации за 9,6%. Расходите за субвенции и трансфери се намалија за 12,7%. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 21.566 милиони денари (45,5% во однос на планираниот износ).

**Табела 3.1**. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – октомври 2025 година

| | Буџет 2025 | Ребаланс 2025 | јануари-октомври 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| ВКУПНИ ПРИХОДИ | **358.838** | **362.377** | **274.447** | **9,5%** | **75,7%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **319.196** | **250.922** | **7,9%** | **78,6%** |
| Даноци | 198.607 | 198.607 | 155.872 | **7,2%** | **78,5%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 35.676 | 26.888 | **8,6%** | **75,4%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 23.287 | 18.351 | **6,7%** | **78,8%** |
| ДДВ | 86.692 | 86.692 | 71.462 | **5,2%** | **82,4%** |
| Акцизи | 35.388 | 35.388 | 26.164 | **8,7%** | **73,9%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 16.255 | 12.234 | **15,0%** | **75,3%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 1.309 | 773 | **-4,0%** | **59,1%** |
| Придонеси | 117.095 | 117.096 | 93.760 | **9,6%** | **80,1%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **30.608** | **16.519** | **16,5%** | **54,0%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **2.830** | **2.160** | **32,9%** | **76,3%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **9.743** | **4.846** | **105,7%** | **49,7%** |
| | | | | | |
| ВКУПНИ РАСХОДИ | **400.188** | **403.728** | **300.979** | **9,7%** | **74,6%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **356.377** | **279.413** | **9,3%** | **78,4%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 49.189 | 39.432 | **10,6%** | **80,2%** |
| Стоки и услуги | 26.325 | 28.025 | 18.147 | **1,5%** | **64,8%** |
| Трансфери | 257.721 | 258.546 | 204.193 | **9,5%** | **79,0%** |
| Социјални трансфери | 191.046 | 193.296 | 156.061 | **12,7%** | **80,7%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПИОСМ | 119.995 | 122.515 | 100.986 | **16,8%** | **82,4%** |
| Агенција за вработување | 3.439 | 3.434 | 1.589 | **-26,2%** | **46,3%** |
| Социјална помош | 15.080 | 14.831 | 12.343 | **0,3%** | **83,2%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 52.516 | 41.143 | **9,4%** | **78,3%** |
| Други трансфери | 64.211 | 61.664 | 46.347 | **-0,3%** | **75,2%** |
| Каматни плаќања | 20.845 | 20.617 | 17.641 | **12,4%** | **85,6%** |
| **Капитални расходи*** | **47.156** | **47.351** | **21.566** | **/** | **45,5%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-41.350** | **-26.532** | **11,3%** | **64,2%** |

Извор: Министерство за финансии
* Методологијата на евиденција за прикажување на капиталните расходи е променета во 2025 година и не може да се спореди со износот за капитални расходи за истиот период од 2024 година.




**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-октомври 2025 година




**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-октомври 2025 година

Во периодот јануари – октомври 2025 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 26.532 милиона денари, што претставува 2,6% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 64,2% од годишниот план.




**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – октомври 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 65.679 милиони денари или 91,4% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (72,8%) од расходите се наменети за тековни

трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 47.799 милиони денари или 94,7% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 18,5% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 87,1% (12.129 милиони денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 34.262 милиона денари, што е 76,4% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (58,2%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 19.933 милиони денари или 83,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,4%, за што се потрошени 8.021 милион денари, односно 81,9% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – октомври 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 12.933 милиони денари, што претставува 77,9% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,3%, за што се потрошени 8.837 милиони денари или 81,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 15,8%. За таа намена беа реализирани 2.039 милиони денари или 74,0% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.290 милиони денари што претставува 76,7% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 91,9% во вкупните расходи, реализирани се 80,6% од планираните средства за цела година, односно 5.778 милиони денари.

Во периодот јануари – октомври 2025 година, Министерството за одбрана реализира 14.326 милиони денари, што е 70,1% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 36,3%, па за таа намена реализацијата изнесува 5.194 милиони денари (80,3% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капитални расходи учествуваат со 32,5% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 4.652 милиона денари, односно 57,8% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – октомври 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 2.293 милиони денари, односно 49,6% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 46,6% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а се реализирани во износ од 1.069 милиони денари (41,4% од предвидените средства).

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-октомври 2025 година)*




Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 6.332 милиона денари или 79,1% од вкупниот буџет за 2025 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 54,2%, за што се потрошени 3.432 милиона денари или 98,1% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 2.607 милиони денари (71,3% од планираното за годината) и учество од 41,2% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – октомври 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 9.206 милиони денари, што е 51,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 90,8% од вкупно

реализираните средства на овој буџетски корисник (8.363 милиони денари или 51,8% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.411 милиони денари, што претставува 74,6% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (666 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 47,2%, а притоа се реализирани 77,1% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 27,8% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 392 милиона денари или 68,0% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во октомври 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 161.079 новозасновани работни односи[4]. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број новоработени лица е зголемен за 2,0%.

Од вкупниот број новоработени, 43,1% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во октомври 2025 година, 13,4% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во октомври 2025 година изнесува 137.904, од кои 94.729 лица се активни баратели на работа, а 43.175 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 2,6%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на септември 2025 година, бројот на невработени е зголемен за 422 лица.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

[4] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Најголем дел од активните невработени лица (59,5%) е градско население, а според половата структура 47,9% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 66,9% е со непотполно средно образование или помалку, 25,5% со завршено средно образование, а 7,5% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,7% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 56,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,7% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во септември 2025 година изнесувала 45.466 денари и остварила годишен раст од 9,3%, а во однос на август 2025 година таа е повисока за 0,3%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на септември 2024 година се забележува во следните сектори: Образование (14,9%), Дејности на здравствена и социјална заштита (12,6%) и Транспорт и складирање (11,5%). Во септември 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 5,1%. Највисока просечна нето-плата во септември 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (82.396 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (102.940 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 61.937 денари, секторот Рударство и вадење камен со 57.993 денари и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 55.245 денари.

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, септември 2025 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во септември 2025 година изнесувала 68.392 денара и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 9,3%, а на месечна основа таа е повисока за 0,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во септември 2025 година во однос на септември 2024 година се забележува во следните сектори: Образование (15,1%), Дејности на здравствена и социјална заштита (12,8%) и Транспорт и складирање (10,6%).

## Пензии

Во октомври 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 345.675 пензионери. Во јули 2025 година беше изменет Законот за пензиско и

инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2025 година е предвидено линеарно покачување на сите видови пензии и тоа 1.000 денари оваа есен и 1.000 денари пролетта 2026 година. Ова значи дека во следните шест месеци пензиите на сите пензионери ќе пораснат линеарно за дополнителни 2.000. Од вкупниот број пензионери, 71,8% се корисници на старосна пензија или 248.064 пензионери, 21,3% на семејна пензија или 73.496 пензионери и 7,0% на инвалидска пензија, односно 24.115 пензионери.

Просечната пензија во октомври 2025 година изнесува 27.127 денари, што покажува дека таа е повисока за 14,4% во однос на истиот месец од 2024 година[5]. Просечната старосна пензија во октомври 2025 година изнесува 28.737 денари, просечната инвалидска пензија 24.656 денари, а просечната семејна пензија 22.503 денари. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 9.338 милиони денари, што претставува 59,0% од вкупните социјални трансфери.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Соодносот на просечната пензија во октомври 2025 година со просечната исплатена плата во септември 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,8%.

| **Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за октомври 2025 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
| старосни | 248.064 | 71,8% | 28.737,00 |
| инвалидски | 24.115 | 7,0% | 24.656,00 |
| семејни | 73.496 | 21,3% | 22.503,00 |
| Вкупно | 345.675 | 100,0% | 27.127,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 29 | | 16.952,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 682 | | 35.491,00 |
| **Вкупно** | 346.386 | | 27.143,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | | |

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во октомври 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 5,35%, кое е непроменето од февруари 2025 година. Оваа одлука е во согласност со претпазливиот пристап во водењето на монетарната политика, притоа имајќи ги предвид економските услови, зголемените надворешни ризици и домашните неизвесности.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

Во октомври 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и на расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.

## Примарни пари

Во октомври 2025 година, примарните пари[6] се намалија за 4,8% на месечно ниво. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 9,7% и 4,8%.

Во октомври 2025 година, примарните пари се зголемија за 1,1% на годишно ниво, што се должи на растот на растот на готовите пари во оптек за 13,0%, додека вкупните ликвидни средства се намалија за 9,4%.




## Депозитен потенцијал[7]

Во октомври 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се намалиле за 1,1%, а депозитите на домаќинствата регистрирале раст од 1,1%.

Од аспект на валутата, во октомври 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се зголемија за 0,7%, а депозитите во странска валута се намалија за 0,1%.




Во октомври 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 11,8% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 17,0%, а депозитите во странска валута за 4,5%.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 14,0%, а депозитите на домаќинствата раст од 8,1%.

---

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (октомври 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***631.405*** | ***0,4%*** | ***11,8%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *382.760* | *0,7%* | *17,0%* |
| *Странска валута* | *248.646* | *-0,1%* | *4,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *232.520* | *0,3%* | *7,9%* |
| *Долгорочни* | *157.404* | *0,8%* | *10,2%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***535.459*** | ***0,6%*** | ***12,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *345.480* | *1,2%* | *18,0%* |
| *Странска валута* | *189.979* | *-0,5%* | *2,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *77.693* | *-0,9%* | *11,0%* |
| *Долгорочни* | *443.045* | *0,9%* | *13,2%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 7,9%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 10,2%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 60,6%.

## Кредити на банките

Во октомври 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 0,4% и на кредитирањето на домаќинствата за 0,8%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,2%, а девизните кредити се намалија за 0,5%.

На годишна основа, во октомври 2025 година вкупните кредити се зголемија за 12,1%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 13,7% и 10,6%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 18,0%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 2,6%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 13,2%, а краткорочните кредити од 11,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 4,82%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,21%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,02 п.п. и изнесува 4,18%.




Во октомври 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 2,20%. Каматните стапки на денарските и девизните депозити исто така останаа непроменети и изнесуваат 2,71% и 1,67%, соодветно.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,67%, а на новоодобрените девизни кредити 3,95%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,51% и 2,05%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во октомври 2025 година се зголеми за 55,2% на месечно ниво, како резултат на растот од прометот од блок-трансакциите за 636,7, додека прометот од класичното тргување се намали за 1,8%.




Вкупниот промет на берзата во октомври 2025 година изнесува 1.691,8 милиони денари, што претставува пад од 14,1% на годишно ниво.

На крајот на октомври 2025 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.298,27 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 0,5%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 19,4%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на октомври 2025 година е 4.843,18 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 2,6%, а во однос на октомври 2024 година тој е намален за 2,7%.